Macedonian



# Безбедност на плажа

No Flags No Swim

Нема знамиња Нема пливање

## Служба на спасители

wollongong
city of innovation

# Како да бидете безбедни

**NO FLAGS NO SWIM**

- Секогаш пливајте меѓу црвено-жолтите знамиња (знамињата го означуваат просторот одреден за пливање).
- Пливајте само на плажите на кои патролираат спасители (вработени и волонтери).
- Ако западнете во неприлика, останете смирени и кренете ја раката.
- Секогаш надгледувајте ги децата.
- Никогаш не пливајте сами.
- Следете ги советите на спасителите.
- Секогаш носете капа, очила за сонце, кошула/ маица и крем за сонце. Пијте многу вода.
- Никогаш немојте да пиете алкохол и да пливате.








## Плажи на кои патролираат спасители

На сите 17 плажи патролираат спасители од почетокот на школскиот распуст во Нов Јужен Велс во септември, до крајот на школскиот распуст во април. Плажата North Wollongong е отворена цела година.

За повеќе информации во врска со локациите на плажите, правилата, квалитетот на водата и како да резервирате инвалидска количка за плажа, видете на веб-страницата на Општината.

**пливајте во области на кои патролираат спасители**

**не пливајте кога има црвени знамиња**

**не е дозволено сурфање**

**предупредување за медузи**

**кучиња се забранети**

**не фрлајте ѓубре**

# Спасители – вработени и доброволци

Општината на Волонгонг вработува спасители (lifeguards) на плажите и базените. Тие носат бели кошули и темно сини шорцеви. Нашите спасители на плажа обично патролираат од понеделник до сабота.

Спасителите (lifesavers) се доброволци кои го одвојуваат своето време за патролирање на плажите во недела и на државни празници. Тие носат црвено-жолти униформи.



Даските за сурфање не смеат да се „јаваат" на бранови меѓу црвено-жолтите знамиња.




Спасители - доброволци

# Вртложни струи (rip currents)

На повеќето плажи има вртложни струи. Тие ја туркаат водата назад во океанот, носејќи со себе предмети што пливаат, вклучително луѓе. Некои од знаците на вртложна струја вклучуваат:

- Потемна вода без или со помалку бранови кои се прекршуваат.
- Разбранувана површина опкружена со мирна вода.
- Сите вртложни струи не ги покажуваат сите овие знаци. Ако не сте сигурни, не влегувајте во вода.
- Ако сте фатени во вртложна струја, не се обидувајте да пливате во спротивна насока, ако почнете да станувате уморни, обидете се да пловите на водата.

## Наша образовна програма

Контактирајте со нас ако сакате Wollongong Lifeguard Service да дојде во вашето училиште или ако сакате да добиете повеќе информации.

## Информации

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата 'Beaches' на Општината или телефонирајте на Службата за клиенти на (02) 4227 7111.

Ако ви е потребен преведувач, јавете се на Телефонската преведувачка служба на 131 450 и побарајте да ве поврзат со Wollongong City Council Customer Service.

WCC © 5004117.11.22

**Посетете го каналот Wollongong City Council YouTube за видео записи во врска со безбедност при сурфање**

**www.wollongong.nsw.gov.au/lifeguards**